Архивски број: 08-36/9
23-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-36/1 од 4.1.2024 година, поднесена од [redacted] од Демир Хисар, со адреса на живеење [redacted] против Црвен Крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Демир Хисар, со адреса на ул. Битолска бб, Демир Хисар, за сторена дискриминација врз основа на политичка и етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.4.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Црвен Крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Демир Хисар кон [redacted]

## Образложение

На 4.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Црвен Крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Демир Хисар (“**ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар**”), за сторена дискриминација врз основа на политичка и етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Подносителката во претставката наведува дека била дискриминирана за избор на ВД секретар на ОО Црвен Крст Демир Хисар бидејќи: 1) сите од нив се припадници на македонската етничка заедница, а таа е од влашка припадност; 2) таа е магистер докторанд со 21 издаден труд, 9 страни биографија и преку 80 сертификати, додека избраната кандидатка е физиотерапевт со 180 ЕКТС и последно 3) таа не е политички ангажирана, а избраната кандидатка е, дури јавно читала пресови на политичката партија СДСМ. Воедно наведува и дека членовите на раководниот одбор се лица кои се советници на политичката партија СДСМ или биле на советничка листа.
Наведува дека дискриминацијата е сторена и од Генералниот секретар на Црвен Крст на РСМ со самото назначување на лицето за ВД секретар на ОО Демир Хисар, до кого поднела и приговор.

На ден 10.1.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување бр. 08-36/2 за произнесување по наводите од претставката до ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар, како и Известување бр. 08-36/3 до Главната канцеларија на Црвен Крст на РСМ.

На ден 31.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар.

Во одговорот целосно ги отфрлаат наводите од претставката и ценат дека истите се неиздржани, клеветнички, тенденциозни и без докази. Наведуваат дека како Општинска организација, секогаш се водат по 7-те принципи на Црвениот крст, а посебно по еден од нив- непристрасноста, во кој принцип се вели: „Црвениот крст не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување и настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи“.

Во врска со етничката припадност како една од пријавените основи на дискриминација, истакнуваат дека ниту еден документ од молбата за [redacted] на подносителката не покажува и докажува на која етничка припадност припаѓа таа, па така Раководниот одбор воопшто немал сознанија на која етничка припадност припаѓа. Поточно, прашуваат врз основа на кон документ тие би знаеле дека припаѓа на влашката етничка заедница, за воопшто на некој начин да ја дискриминираат по тој основ.

Во однос на вториот пријавен основ на дискриминација- степенот на образование, наведуваат дека Раководниот одбор воопшто не го интересира дали подносителката „е магистер докторанд со 21 издаден труд, 9 страни биографија и преку 80 сертификати", бидејќи титулите, медалите, бројот на онлајн сертификати итн. воопшто не се нивен интерес. Во оваа смисла наведуваат дека Раководниот одбор ги земал предвид двете пристигнати молби за [redacted], и онаа на подносителката на претставката, и онаа на назначеното лице за [redacted] кои заедно со секретарот на Општинската организација ги разгледал, прифатил и во законски утврдена постапка и согласно Правилникот за избор на ВД секретар, било констатирано дека двете кандидатки ги исполнуваат условите за ВД секретар. Потоа, со тајно гласање, Раководниот одбор одлучил 4:3 во корист на сегашниот [redacted]. Согласно Статутот на ЦК на РСМ, била донесена Предлог-одлука и за истата била дадена согласност од страна на Генералниот секретар на ЦК на РСМ, [redacted] Оттука, врз основа на добиената согласност, Раководниот одбор донел Одлука за назначување на ВД секретар.

Во однос на наводите од претставката дека избраната кандидатка е со 180 ЕКТС, посочуваат дека во Правилникот за избори и именувања на ВД секретар децидно и концизно се прецизирани правилата и условите кои треба да ги исполнува кандидатот. Еден од условите е дека кандидатот за секретар треба да биде со вишо или високо образование, без прецизирање на тоа колку ЕКТС се потребни за ВД секретар. Наведуваат дека според Европскиот кредит трансфер систем, за тригодишните студии од прв степен вкупно се потребни минимум 180 кредити, а завршената висока медицинска школа на кандидатката која е сега ВД секретар ги исполнува условите за назначување.

Во врска со последната пријавена основа на дискриминација- политичката припадност, наведуваат дека околноста дека некој од членовите е советник или некогаш бил на советничка листа нив како Општинска организација не ги интересира бидејќи не сакаат да навлегуваат во приватниот и професионалниот живот на членовите на Раководниот одбор. Истакнуваат дека целиот состав на Раководниот одбор се законски избрани на редовна изборна седница на Собрание на ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар и се личности со големо реноме и високо етаблирани во заедницата во која живеат и работат- од директори на здравствени институции, приватни бизнисмени, вработени во локалната самоуправа, членови на невладини и непартиски организации, доктори, вработени во основни училишта и пред сè хуманисти, сите со една заедничка цел- со нивниот ангажман во Црвениот крст да помогнат во неговото беспрекорно функционирање. Истите се делегирани во Собранието на Општинската организација од страна на членството на нивните матични основни организации и сите се долгогодишни волонтери во Црвениот крст со платена членарина од 2012 година до сега. Исто така учествувале во скоро сите активности на Општинската организација на Црвениот крст, како што се предавања, симулациски и тактичко-показни вежби, крводарителски акции, обуки по прва помош и друго. Конечно, ги имаат поминато сите филтри за избор и сите хиерархиски скалила за членови на Раководен одбор.
Последно, сметаат дека во случајот не станува збор за дискриминација, туку за незадоволство при одлучување за избор на ВД секретар.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните докази:

1. Записник од Раководен одбор со арх бр. 0202-334/1 од 7.12.2023 година;
2. Предлог-одлука за именување на ВД секретар на ОО Црвен крст Демир Хисар со арх. бр. 0202-336/1 од 7.12.2023 година;

3. Согласност за ВД секретар од Генерален секретар на Црвен крст на РСМ со арх. бр. 0205-1697/1 од 2023 година;
4. Одлука за назначување на ВД секретар од Раководен одбор со арх. бр. 0202-371/1 и
5. Фотокопија од Уверение за завршена Висока медицинска школа.

На ден 31.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна и произнесување од страна на Црвен крст на РСМ како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека изнесените наводи во претставката се во целост неточни. Имено, согласноста за назначување на вршител на должност Секретар на ОО Црвен крст Демир Хисар генералниот секретар ја дава согласно одредбите од членот 16 став 2 и 3 од Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на РСМ, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст (бр. 0902-254/3 од 21.3.2022 година). Акти кои претходат на согласноста дадена од Генералниот секретар на ЦК на РСМ се предлог-одлука донесена од Раководниот одбор на ОО Црвен крст Демир Хисар, како и барање на мислење за согласност за вршител на должност Секретар на ОО Црвен Крст Демир Хисар доставена од претседателот на истата општинска организација. Истакнуваат дека при именување на вршител на должноста Секретар на ОО Црвен крст Демир Хисар е следена постапката согласно актите на Црвениот крст.
Сметаат дека наводите во претставката за сторена дискриминација врз основа на политичка и етничка припадност се паушално изнесени.

Поради прибирање на дополнителни информации во врска со наводите од претставката, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 27.2.2024 година испрати Барање за доставување дополнителни информации бр. 08-36/7 до ОО Црвен крст Демир Хисар. Беше побарано да бидат доставени информации во врска со следното:

1. Имајќи го предвид произнесувањето каде се наведува: „Дали лицето [redacted] е „магистер и докторант со издадени трудови, 9 страни ЦВ и преку 80 сертификати", Раководниот одбор воопшто не го интересира. Титулите, „медалите", 9 страни ЦВ и on-line сертификати воопшто не се наш интерес.", врз основа на кои критериуми бил направен изборот за ВД секретар? и
2. Дали Раководниот одбор, при гласање за избор на ВД секретар, ги почитувал условите и критериумите за именување на Секретар на Општинска организација на Црвен крст, пропишани во член 5 од Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на Град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст, особено обврската за спроведување интервју во случај на исполнети услови од повеќе кандидати?

На ден 25.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор арх. бр. 0302-93/1 од 6.3.2024 година од страна на ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар, а заведено во Комисијата под бр. 08-36/8 од 25.4.2024 година.

Во однос на критериумите врз основа на кои бил направен изборот за ВД секретар, наведуваат дека критериумите биле испочитувани во целост, односно и двете кандидатки ги исполнувале условите, т.е. имале висока или виша стручна подготовка, имале платено членарина за 2023 година, поседувале организациски и раководни способности итн. Фактот што во нивниот одговор ги споменуваат титулите, сертификатите, издадените трудови итн. било во контекст на тоа дека сите тие не треба да му бидат предност и да даваат било каков приоритет на некој кандидат затоа што критериумите за избор на ВД секретар се доволно јасни, прецизни и концизни, а горенаведените документи никаде не се бараат.

Во однос на второто прашање, информираат дека обврската за спроведување интервју со кандидатите, согласно член 5 од Правилникот за именување и разрешување секретар на ЦКГС/ООЦК, е потребна за назначување на Секретар на Општинска организација на Црвен Крст со мандат од 4 години, додека мандатот на ВД секретар е само 6 месеци и никаде во Правилникот не се бара интервју со кандидатите за ВД секретар.

Исто така информираат дека до Раководниот одбор не пристигнала никаква жалба или поплака за самиот чин на гласање или за изборот на ВД секретар, а заради транспарентност на целата постапка за избор, членовите на Раководниот одбор се согласиле на самиот состанок, покрај секретарот на Општинската организација, да присуствуваат и двете кандидатки. Во просторијата била присутна само подносителката на претставката и истата немала никакви забелешки околу целиот процес.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

[redacted] се пријавила за избор на ВД секретар на ОО Црвен Крст Демир Хисар, но била одбиена за позицијата. Смета дека е дискриминирана во однос на избраната кандидатка, [redacted] и тоа поради нејзината етничка припадност како влаинка, наспроти избраната која е македонка, понатаму поради нејзиниот степен на образование, кој е повисок од оној на избраната кандидатка и последно, поради фактот што не е политички ангажирана, наспроти избраната за која тврди дека е и за која наведува дека јавно читала пресови на политичката партија СДСМ. Дополнително истакнува дека и самите членови на раководниот одбор, кој го направиле изборот на ВД секретар, се лица кои се советници на политичката партија СДСМ или биле на советничка листа во минатото.

Од ОО Црвен Крст Демир Хисар, пак, истакнуваат дека во својата работа секогаш се водат по 7-те принципи на Црвениот крст, а посебно по еден од нив- непристрасноста, кој подразбира дека Црвениот крст не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување.

Во врска со етничката припадност на подносителката на претставката, истакнуваат дека ниту еден документ од нејзината молба за ВД секретар не покажува на која етничка припадност припаѓа таа, со што Раководниот одбор воопшто немал сознанија за нејзината етничка припадност како влаинка. Во однос на степенот на образование на подносителката, наведуваат дека Раководниот одбор воопшто не го интересирало дали подносителката е магистер докторанд со 21 издаден труд, 9 страни биографија и преку 80 сертификати, бидејќи титулите, медалите, бројот на онлајн сертификати итн. воопшто не се нивен интерес. Посочуваат дека во Правилникот за избори и именувања на ВД секретар се прецизирани правилата и условите кои треба да ги исполнува кандидатот, а еден од условите е кандидатот за секретар да биде со вишо или високо образование, без прецизирање на тоа колку ЕКТС се потребни за ВД секретар. Оттука, наведуваат дека завршената висока медицинска школа на избраната кандидатката ги исполнува условите за назначување.
Раководниот одбор ги земал предвид двете пристигнати молби за ВД секретар, и онаа на подносителката на претставката, и онаа на избраната кандидатка, по што било констатирано дека двете кандидатки ги исполнуваат условите за ВД секретар. Потоа, со тајно гласање, Раководниот одбор одлучил 4:3 во корист на избраната кандидатка-[redacted] Согласно Статутот на ЦК на РСМ, била донесена Предлог-одлука и за истата била дадена согласност од страна на Генералниот секретар на ЦК на РСМ, [redacted] па врз основа на така добиената согласност, Раководниот одбор донел Одлука за назначување на ВД секретар.
Во врска со политичката припадност како пријавена основа на дискриминација, наведуваат дека околноста дека некој од членовите е советник или некогаш бил на советничка листа нив како Општинска организација не ги интересира и не сакаат да навлегуваат во приватниот и професионалниот живот на членовите на Раководниот одбор. Истакнуваат дека целиот состав на Раководниот одбор се законски избрани на редовна изборна седница на Собрание на ЦК на РСМ-

ОО Демир Хисар и се личности со големо реноме и високо етаблирани во заедницата во која живеат и работат.
Не наведуваат никакви факти и околности поврзани со наводната политичка ангажираност на избраната кандидатка, наспроти политичката неангажираност на подносителката на претставката.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*".

Во конкретниот случај, ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар не ги поби наводите од претставката целосно, односно не докажа дека направениот избор на ВД секретар бил врз основа на претходно утврдени објективни критериуми. Во оваа насока, ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар не се произнесе по однос на наводите од претставката дека избраната кандидатка била политички ангажирана и јавно читала пресови на политичката партија СДСМ, што во корелација во наводот дека членовите на раководниот одбор се лица кои се советници на политичката партија СДСМ или биле на советничка листа во минатото, довело до тоа политичкото уверување на избраната кандидатка да влијае врз изборот, со што подносителката на претставката била доведена во понеповолна положба.
ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар во своето произнесување единствено наведе дека околноста што некој од членовите е советник или некогаш бил на советничка листа нив не ги интересира бидејќи не сакаат да навлегуваат во приватниот и професионалниот живот на членовите на Раководниот одбор. Иако со Барање за информации бр. 08-36/7 од 27.2.2024 година беше побарано ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар да достави образложение врз основа на кои критериуми бил направен изборот за ВД секретар, односно кои квалификации на избраната кандидатка преовладале при изборот, а во однос на подносителката на претставката, истото не беше соодветно одговорено.

Комисијата укажува на фактот што согласно Законот за Црвениот крст, тој е независна, неутрална, вонпартиска и непристрасна организација. За да ги исполни овие принципи, Црвениот крст треба да се осигура дека вработените и лидерските позиции во организацијата нема да бидат на функција во политичка партија и нема јавно да делуваат во промоција на политичка партија со што се нарушува имиџот на Црвениот крст како неутрална и вонпартиска организација. Ова не значи дека вработените и назначените на лидерските позиции не можат да бидат членови и симпатизери на политички партии. Но, јавниот политички ангажман се однесува на професионалниот и јавниот живот, а не на приватниот, бидејќи истиот влијае на угледот и заштитата на интересите на Црвениот крст кои секогаш треба да се водат од законски дефинираните фундаментални принципи. Оттука, менаџментот на Црвениот крст треба да најде начини на остварување на овие фундаментални принципи во пракса преку осигурување дека вработувањето и назначените/именуваните позиции се неспојливи со функција во политичка партија и јавно претставување на нејзините интереси.
Постапката за избор на секретар и ВД секретар уредена во Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на РСМ, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст, не содржи доволно јасни критериуми и процедури со кои ќе се осигура изборот на најдобар кандидат за позицијата со што се остава простор како во случајот, кога има две кандидатки кои ги исполнуваат критериумите изборот да се направи врз основа на дискреција. Комисијата забележува недостаток на одредби кои ќе утврдат во кои случаи се прави избор на ВД секретар наместо на секретар, со што се остава простор за дискреција

и за заобиколување на постапката за избор на секретар. Дискреционото одлучување само по себе претставува висок ризик за одлуки засновани на дискриминација, непотизам и лични интереси, и оттука неопходно е да се ограничи како клучна одлика на доброто владеење.

Оттука, имајќи предвид дека тврдењето за дискриминација беше сторено веројатно од страна на подносителката на претставката и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување премина на ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар, Комисијата утврди дека изнесените наводи од претставката не беа побиени, односно не беше докажано дека политичката припадност на избраната кандидатка не влијаела на нејзиниот изборот за ВД секретар на ЦК на РСМ-ОО Демир Хисар.

Во однос на останатите пријавени основи на дискриминација- образованието и етничката припадност на подносителката, Комисијата смета дека истите се неосновани, односно дека не постојат факти и околности кои го сторуваат веројатен наводот на подносителката дека нејзината етничка припадност како Влаинка и нејзиниот степен на образование довеле кон нееднаков третман.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека станува збор за сторена директна дискриминација од страна на Црвен Крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Демир Хисар кон [redacted]

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Црвениот крст на Република Северна Македонија да развие критериуми во однос на независноста на вработените и избраните/именувани лица , односно да ги ревидира Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на РСМ, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст и останатите политики за вработување, назначување и именување на начин на кој ќе се минимализира дискреционото право на одлучување преку утврдување на подетални постапки и критериуми за избор.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Црвениот крст на Република Северна Македонија- Општинска организација Демир Хисар, да ја повтори постапката за избор на ВД секретар или секретар врз основа на ревидирани критериуми и процедури со кои ќе се осигура избор на најдобриот кандидат и неговата/нејзината независност.

Оттука, доколку лицето не постапи согласно оваа препорака во рок од 3 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
23.5.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Црвен Крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Демир Хисар, ул. Битолска бб, 7240 Демир Хисар